# КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
# "ВОДОВОД " - КОЧАНИ

# ИЗВЕШТАЈ

**За финансиското работење во период од 01.01 до 30.06.2022 год.**

**Јуни, 2022 год.**
**Кочани**

КЈП " Водовод " Кочани како единствено Комунално Јавно Претпријатие во Општина Кочани ги обавува целокупните комунални дејности на подрачјето на општината.За обавување на целокупната дејност претпријатието е организирано во седум сектори кои функционално се надополнуваат во своите дејности и овозможуваат континуирано и квалитетно извршување на комуналните дејности.

**Организационите сектори се :**

1. ***Сектор "Водовод и Канализација "***
2. ***Сектор"Комунална Хигиена "***
3. ***Сектор"Геотерма "***
4. ***Сектор "Градско Зеленило и гробишта "***
5. ***Сектор "Финансиско и комерцијално работење"***
6. ***Сектор "Општи и правни работи"***
7. ***Сектор " ИТ и развој ".***

За обавување на комуналните дејности во наведените сектори се ангажирани просечно 239 работника во постојан работен однос, додека просечниот број на времено ангажирани работници е 39 .

**I.Преглед на вработени по Сектор и стручна спрема со 30.06.2022 година**

| Ниво на образование | Менаџмент | ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА | СЕКТОР ГЕОТЕРМА | СЕКТОР ЗА ИТ И РАЗВОЈ | СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ | СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО И КОМЕРЦИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ | СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА | СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ГРОБИШТА | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво I - завршено основно образование | 0 | 0 | 16 | 0 | 0 | 5 | 1 | 39 | 10 | 71 |
| Ниво II - завршено двегодишно средно стручно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 4 |
| Ниво III - завршено тригодишно средно стручно образование или четиригодишно образование за лица со посебни потреби | 0 | 0 | 11 | 2 | 0 | 3 | 2 | 9 | 3 | 30 |
| Ниво IV - завршено четиригодишно образование (гимназиско, техничко, уметничко или друго) или петгодишно образование | 0 | 1 | 37 | 8 | 0 | 9 | 22 | 8 | 8 | 93 |
| Ниво VA - завршени кратки стручни студиски програми во високо образование (стекнати 60 или 120 кредити ЕКТС) | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 5 |
| Ниво VIБ - завршени тригодишни додипломски студии (стекнати 180 кредити ЕКТС) | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| Ниво VIA - завршени четиригодишни додипломски студии (стекнати 240 кредити ЕКТС) | 3 | 1 | 6 | 3 | 5 | 3 | 6 | 1 | 2 | 30 |
| Незавршено основно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | **3** | **2** | **72** | **13** | **5** | **21** | **34** | **59** | **27** | **236** |

**Табела 1**

Просечен бруто личен доход по работник во 2022 год. за период од 01.01 до 30.06 изнесува 32.417,00 ден. споредeн со 2021 год. кој изнесува 30.626,00 ден., додека Нето-личен доход по работник во 2022 год.за извештајниот период изнесува 21.868,00 ден.споредeн со 2021 год. кој изнесува 20.387,00 ден.

## II. Остварени финансиски резултати во деловната 2020 и 2021 година

Во своето работење во 2020 год. КЈП " Водовод " има постигнато позитивен финансиски резултат односно добивка од **222.634,00** денари а во 2021 година има постигнато загуба од **11.584.368,00**денари.

**Табела 2**

| Ред. Број | Биланс на Успех | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| 1 | **А.ПРИХОДИ** | **259.019.191,00** | **258.954.438,00** |
| 2 | **Б.РАСХОДИ** | **258.711.890,00** | **271.168.468,00** |
| 3 | **В.Бруто добивка/загуба** | **307.301,00** | **-12.214.030,00** |
| | **-данок од добивка** | **84.667,00** | **0,00** |
| | **-непризнаени расходи за даночни цели** | **0,00** | **629.662,00** |
| | **-нето добивка/загуба** | **222.634,00** | **-11.584.368,00** |

# Планирани активности и реализација на деловни резултати во вториот квартал на 2022 година

Деловната 2022 година е година во која активностите ќе бидат насочени кон реализацијата на годишните програми донесени од Советот на Општина Кочани , оперативните програми за работа на КЈП “Водовод” и од законските решенија кои го детерминираат работењето во комуналните дејности.

Во **Секторот ,, Водовод и канализација,,** во **првата половина** годинаод деловната 2022 година извршена е санација и изведени нови и реконструирани водоводни линии на повеќе улици во Општината.

Нова водоводна линија поставена во градскиот парк со ф63 со Л=200 м, материјал доставен за Општината за приклучоци за профил Ф1/2 до Ф 6/4 во должина од Л=40 метри.

Премин преку пат А3 кај Магнолија со фекална канализација со Ф250 со должина 48 метри, Оризари со нова линија за фекална канализација со профил Ф160 и должина 122 метри, и Ф200 со должина 93 метри.

Нова водоводна линија поставена на ул. ,,Блаже Поп Арсов“ со ф63 со Л=102 м, како и поставување на приклучоци со профил Ф3/4 со должина Л=50м и Ф1“ со должина Л=30м. Поставување на водоводно црево на кружен тек ул.,, Димитар Влахов“ со Ф1/2 со должина Л=20м.

Поставување на атмосферска канализација на ул.,,Стево Теодосиевски“ со Ф200 со должина 10 метри и Ф300 со должина од Л=22м.

Поставени се 8(осум) капаци на канализациони шахти во селата и градот.

Извршена е поправка на шахти за фекална канализација и решетки на повеќе локации во Општината.

Оделението за одржување на водоводната мрежа вршеше континуирано и навремено санирање на настанатите дефекти на водводните линии.

На повеќе локации во градот се изврши санација со бетонирање и бекатон по поправката на водоводни и канализациони дефекти.

Со специјалните возила Канал џет и џет трејлер се продолжи со континуирано чистење на преливниците во градот и критичните канализациони линии. Исто така континурано се врши и чистење на колекторскиот систем.

Успешно е завршена реконструкција на главниот челичен цевковод и со поставување на нов дуктилен Ф500 со должина од 2215 метри од бунарскиот систем во ПС Грдовци до јазол 1 и со тоа зголемен е протокот на цевководот за 9.5 % т.е. за иста потрошена електрична енергија за 9.5% зголемена е испорачаната количина на вода.

Во ПСОВ Мојанци на почетокот на годината со изнајмени специјални возила и опрема со висок притисок и поголема моќ на всисување исчистен е песокот и асфалтот во влезната комора која претставуваше голем проблем за тековната работа и опасност од запушување на влезните пумпни агрегати и стопирање на целиот процес на работа. Тековно функционира процесот на производство и искористување на био гас во топлинска и електрична енергија, а се продолжи со процесот на пробно производство на компост.

Фабриката за вода продолжи со тековна работа за континуирано следење на СКАДА системот и на исправноста на водата за пиење.

Во **Секторот ,,Комунална хигиена''**во 2022 год. реализирано е следното:

Се постапува по програмата за јавна чистота усвоена од Советот на Општина Кочани.Редовно се вршеше метење на јавни површини, улици и паркинзи дефинирани со програмата за јавна чистота.

Во текот на месец Јануари имаше интервенции за расчистување на снег и посипување со сол и песок, согласно со програмата за одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Кочани. Посипувањето со сол и песок и расчистувањето на снег се вршеше со трактори со монтирани уреди за посипување, градежни машини и трактор и камион со монтиран нож за снег.

На места каде што имаше оштетени решетки за одвод на вода на улиците во се извршени поправки или изработени во браварската работилница.

Одстранети се ланците од столбчињата покрај реката од двете страни на реката.

Постојано се вршат поправки на урбаната опрема во Општина Кочани.

Дел од контејнерите од 1,1 $m^3$се заменети со нови

Градската депонија беше третирана со алги заради гаснење и превенција од пожар.

Редовно беше вршено миење на улиците со цистерна со вода.

Собирањето на отпад се извршува без застои спрема планираната динамика.

Постојано се вршат редовни сервиси и поправки на целокупната механизација на КЈП „Водовод“ Кочани.

**Секторот ,,Градско зелнило и православни гробишта''** имаше поголема активност со своите вработени како дежурни вработени во рамките на програмата за зимско одржување во месец Јануари и Февруари. Поради врнежите од снег во зимскиот период беа постојано на терен за расчистување на снегот по тротоарите и парковите. Како позначајна активност во месец Јануари секторот,,Градско зеленило и праославни гробишта ,, изврши заезерување на ,, Кочанска река,, по повод празникот ,,Водици,,. Во текот на Февруари и Март активно работеше на пополнување со земја на подигнатите жардињерии на бул.,,Тодосија Паунов“ на потегот од кај ,,Шумското,, до железарата кај,,Кузе2000,,и пред железарата,,Иднина-С,, и нивно оплеменување со декоративни садници. Во тек е поставување на систем за наводнување на истите и поставуване на ситно дробен камен.Комлетно е уреден кружниот тек кај ,,Атомските згради,, со полнење на земја ,поставување на систем за наводнување,сеење на трева и садење на декоративни садници и поставување на декоративен камен.

Во екот на Пролетта извршивме засадување на над 70 бр. на листопадни дрвја на различни локации во градот.Во летниот период навремено се косат детските паркови, ,,Градската

Река,,ново формираните кружни текови и останатите зелени површини во Општина Кочани.Во тек е доуредување на градскиот парк.

Во секторот ,, Православни гробишта,, се изврши поставување на електрични столбови со кои се прошири електричната инасталација во новиот дел на ,, Градските гробишта,,.

**Сектор ,,Геотерма,,**за периодот од 01.01 до 30.06.2022 година функционираше и работеше во состојба на највисок степен на кондиција.

Споредбено со истиот период од минатата 2021 година имаме намалена количина на фактурирана геотермална вода.Во бројки,заклучно со месец јуни оваа 2022 година имаме фактурирано 310,826 м3 или за 61.938 м3 помалку од истиот период лани.Сето тоа се должи на политиката на големите потрошувачи-оранжерии кои оваа сезона подоцна ги засееја своите површини за да избегнат голема потрошувачка на геотермална вода за греење во самиот шпиц на грејната сезона.Исто така еден од поголемите потрошувачи-Оранжерии Агрона-С оваа грејна сезона не користеше геотермална вода за греење,бидејки немат планирано производство.

Што се однесува до количината на реинектирана геотермална вода,во првото тромесечје во 2022 година имаме реинектирно 130.210 м3 геотермална вода преку постоечкиот систем за реинектирање,или во проценти 41,98% од вкупната ексллоатирана.

Споредбено со истиот период лани,тоа е количина за 1,98% повеке.

-Во горенаведениот период,односно во првото полугодие во тековната 2022 година,Сектор Геотерма навремено изготвуваше записници а врз основа на нив изготвуваше фактури до сите потрошувачи.

-Согласно обврските на КЈП Водовод Кочани,навремено се доставени тромесечни пресметки за концесиски надомест за концесиско поле и експлоатирана количина на геотермална вода до надлежните институиции.

-превентивно се одржуваше постоечката опрема и интервентно се решаваа сите технички проблеми,се со цел успешно функционирање на целиот систем

-пуштен во употреба и тестиран вториот реинекционен цевковод и бунарот ЗД2 со што значително е зголемен вкупниот реинекционен капацитет,односно истиот е спремен да ја прими вкупната количина на експлоатирана геотермална вода

-перманентно се следи статичкото ниво на аквиферот дури на дневно ниво,и се врши уредна евиденција на неделна основа.Врз основа на нашите анализи доагаме до еден критичен момент врз основа на кој,имаме пад на статичкото ниво за 3,43 метри.

Или,ако најниското критично ниво лани било 74.10 м.,во 2022 година истото е 77,53 м.Сето ова ни дава загрижувачки параметри за понатамошното функционирање на системот.

-Врз основа на горе наведеното,Сектор Геотерма го вклучи целиот свој кадровски и технички персонал и во координација со највисокото раководство на Претпријатиeто,започна со изготвување на стратегија за зачувување на лежиштето која ке биде приоритет во идните активности.

-Сектор Геотерма во свои рамки направи истражување и снимање на моменталната состојба и нотира евентуални решенија, според кои,би можеле да реинектираме дополнителна количина на геотермална вода,пред се од Оранжерии Добра и од водата која ја експоатираме преку градскиот цевковод.

За таа цел планираме да ги искористиме двете испитни бушотини,од кои едната се наога во кругот на гиманзијата Љупчо Сантов а другата на просторот на поранешно Кочанско Поле.

-да напоменеме дека поради неконтролирано палење на нивите,во атарот на село Г.Подлог имавме оштетување на изолацијата на градскиот цевковод која во најкус можен рок ке треба да ја санираме.

## III.Остварени приходи и расходи за период од 01.01 до 30.06.2022 год.споредени со истиот период 2021 год. по Сектори

### ПРИХОДИ

Табела 3

| Ред. број | Сектор | Година | | Коефициент 2022/2021 |
|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | |
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | 77.793.605,59 | 82.523.264,91 | **1.06** |
| 2. | Сектор "Геотерма " | 17.095.994,00 | 13.286.844,51 | **0.78** |
| 3. | Сектор "Комунална Хигиена " | 23.859.165,98 | 23.115.039,30 | **0.97** |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | 5.118.392,33 | 4.425.077,18 | **0.86** |
| 5. | РЕ"Заеднички служби"<br>- Сектор "Менаџмент"<br>-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"<br>- Сектор "Општи и правни работи" | 0.00<br>2.318.335,14<br>2.709.898,06 | 0.00<br>2.176.341,92<br>2.293.058,00 | **0.89** |
| 6. | Сектор "ИТ и развој " | 170.762,00 | 410.614,00 | **2.40** |
| | **Вкупно** | **129.066.153,10** | **128.230.239,82** | **0.99** |

### РАСХОДИ

Табела 4

| Ред. број | Сектор | Година | | Коефициент 2021/2020 |
|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | |
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | 71.194.910,62 | 77.677.728,59 | **1.09** |
| 2. | Сектор "Геотерма " | 14.020.382,72 | 13.123.445,74 | **0.94** |
| 3. | Сектор "Комунална Хигиена " | 17.820.698,81 | 21.545.774,59 | **1.21** |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | 6.130.984,18 | 6.967.247,71 | **1.14** |
| 5. | РЕ"Заеднички служби"<br>- Сектор "Менаџмент"<br>-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"<br>- Сектор "Општи и правни работи" | 1.205.115,12<br>10.117.263.26<br>7.358.422,53 | 1.195.261,71<br>10.815.361,19<br>7.499.319,51 | **1.04** |
| 6. | Сектор "ИТ и развој " | 993.057,60 | 1.242.173,34 | **0.91** |
| | **Вкупно** | **128.840.834,84** | **140.066.312,38** | **1.09** |
| | **Остварен резултат добивка /загуба** | **225.318,26** | **-11.836.072,56** | **-53.53** |

Во периодот од 01.01 до 30.06.2022 год. е остварен финансиски резултат односно загуба во износ од **11.836.072,56**ден. Анализата на остварените приходи во извештајниот период укажува дека приходите бележат намалување за 1% во однос на истиот период од 2021 год. додека расходите споредени со истиот период од 2021 год. бележат зголемување за 9 % .

**Остварени финансиски резултати од работењето по Сектор - добивка / загуба**

Табела 5

| Ред. број | Сектор | Година | | Коефициент 2021/2020 |
|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | |
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | 6.598.694,97 | 4.845.536,32 | **0.73** |
| 2. | Сектор "Геотерма " | 3.075.611,28 | 163.398,77 | **0.05** |
| 3. | Сектор “Комунална Хигиена “ | 6.038.467,17 | 1.569.264,71 | **0.26** |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | -1.012.591,85 | -2.542.170,53 | **2.51** |
| 5. | РЕ"Заеднички служби"<br>- Сектор "Менаџмент"<br>-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"<br>- Сектор "Општи и правни работи" | -1.205.115,12<br>-7.798.928,12<br>-4.648.524,47 | -1.195.261,71<br>-8.639.019,27<br>-5.206.261,51 | **1.10** |
| 6. | Сектор "ИТ и развој " | -822.295,60 | -831.559,34 | **1.01** |
| | **Вкупно** | **225.318,26** | **-11.836.072,56** | **-53.53** |

**Остварени финансиски резултати за период од 01.01 до 30.06.2022 год.со распоред на трошоците од Сектор "Финансиско и комерцијално работење", Сектор "Општи и правни работи"и Сектор "ИТ и развој "**

Табела 6

| Ред. број | Сектор | 2022 год. |
|---|---|---|
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | **-3.884.119,68** |
| 2. | Сектор "Геотерма " | **-3.169.742.62** |
| 3. | Сектор “Комунална Хигиена “ | **-1.446.434,64** |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | **-3.335.775,73** |
| | **Вкупно** | **-11.836.072,56** |

Остварените финансиски резултати од деловното работење за извештајниот период од 01.01 до 31.06.2021 год. со распоредување на трошоците по утврдени критериуми за учество на трошоците од Сектор "Менаџмент", Сектор "Финансиско и комерцијално работење", Сектор "Општи и правни работи" и Сектор "ИТ и развој" ќе констатираме дека Сектор " Комунална Хигиена ", Сектор "Геотерма " ,Сектор " Водовод и Канализација " и Сектор " Градско зеленило и гробишта " се со негативен финансиски резултат.

**Структура на вкупните приходи по Сектори остварени во периодот од 01.01 до 30.06.2022 год.**

**Табела 7**

| Ред. број | Сектор | Износ | Учество % |
|---|---|---|---|
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | 82.523.264,91 | **64.35** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | 13.286.844,51 | **10.36** |
| 3. | **Сектор "Комунална Хигиена "** | 23.115.039,30 | **18.03** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | 4.425.077,18 | **3.45** |
| 5. | **Сектор "Менаџмент"** | 0,00 | **0.00** |
| 6. | **Сектор "Финансиско и комерцијално работење"** | 2.176.341,92 | **1.70** |
| 7. | **Сектор "Општи и правни работи"** | 2.293.058,00 | **1.79** |
| 8. | **Сектор "ИТ и развој "** | 410.614,00 | **0.32** |
| | **Вкупно** | **128.230.239,82** | **100** |
| | **Планирани приходи за 2021 год.<br>311.071.315,93 : 4 квартала = 77.767.828,98 x 2 =** | **155.535.657,96** | **82.44** |

**Структура на вкупните расходи по Сектори остварени во периодот од 01.01 до 30.06.2022 год.**

**Табела 8**

| Ред. број | Сектор | Износ | Учество % |
|---|---|---|---|
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | 77.677.728,59 | **55.46** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | 13.123.445,74 | **9.37** |
| 3. | **Сектор "Комунална Хигиена "** | 21,545.774,59 | **15.38** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | 6.967.247,71 | **4.97** |
| 5. | **Сектор "Менаџмент"** | 1.195.261,71 | **0.85** |
| 6. | **Сектор "Финансиско и комерцијално работење"** | 10.815.361,19 | **7.72** |
| 7. | **Сектор "Општи и правни работи"** | 7.499.319,51 | **5.35** |
| 8. | **Сектор "ИТ и развој "** | 1.242.173,34 | **0.89** |
| | **Вкупно** | **140.066.312,38** | **100** |
| | **Планирани расходи за 2021 год.<br>310.931.871.68 : 4 квартала = 77.732.967,92 x 2 =** | **155.465.935,84** | **90.09** |

**Тековни побарувања со состојба на ден 30.06.2022 год.**

**Табела 9**

| Ред. број | Основ | Износ 30.06.2021 год. | Износ 30.06.2022 год. | Коефициент 30.06.2022/ 30.06.2021 |
|---|---|---|---|---|
| **А.** | **Побарувања по основ на стоки и услуги од фирми,граѓани и дуќани** | **257.652.713,22** | **264.572.088,00** | **1.03** |
| 1 | Побарувања од граѓани | 204.383.016,22 | 206.924.064,00 | **1.01** |
| 2 | Побарувања од дуќани | 7.475.925,00 | 6.530.090,00 | **0.87** |
| 3 | Побарувања од фирми | 45.793.772,00 | 51.117.934,00 | **1.12** |

Анализирајќи ги тековните побарувања се констатира дека вкупните побарувања споредени со истиот период од 2021 год. се зголемени за 3 %, од кои кај дуќаните се намалени за 13 %, кај домаќинствата се зголемени за 1 % и кај фирмите се зголемени за 12% .

### Тековни обврски со состојба на ден 30.06.2022 год.

**Табела 10**

| Ред. број | Основ | Износ 30.06.2021 год. | Износ 30.06.2022 год. | Коефициент 30.06.2022/ 30.06.2021 |
|---|---|---|---|---|
| | **Обврски по основ на стоки и услуги** | **25.415.334,00** | **45.016.589,00** | **1.77** |

Комуналното Јавно Претпријатие за период до 30.06.2022 год.ги има измирено сите обврски по основ на бруто плати и јавни давачки.Тековните обврски споредени со истиот период од 2021 год. се зголемени за 77 % .

### Тековни залихи со состојба на ден 30.06.2022 год.

**Табела 11**

| Ред. број | Основ | Износ 30.06.2021 год. | Износ 30.06.2022 год. | Коефициент 30.06.2022/ 30.06.2021 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Залихи на репроматеријали - 310** | 9.098.771,95 | 10.671.534,61 | **1.17** |
| 2 | **Залихи на ситен инвентар - 350** | 1.965.531,33 | 2.047.179,05 | **1.04** |
| 3 | **Залихи на трговски стоки - 660** | 504.791,15 | 546.585,93 | **1.08** |
| 4 | **Залихи на стоки во продавница – 663** | 208.216,00 | 208.216,00 | **1.00** |
| | **Вкупно** | **11.777.310,43** | **13.473.515,59** | **1.14** |

Залихите на репроматеријали и инвентар во извештајниот период споредени со истиот од 2021 год. бележат зголемување за 14 % .

КЈП " Водовод " од деловното работење за период од 01.01 до 30.06.2022 год.оствари финансиски резултат односно загуба од **11.836.072,56** денари.

**Изработил** **Директор**

___________________ ____________________